Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 24 февруари 2022 година**

**Скопје, февруари 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 11:05 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Џабир Доко, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за воведување на новиот пакет на рестриктивни мерки на Европската Унија во поглед на ситуацијата во Украина со препорака за придружувањето на Република Северна Македонија кон сите одлуки на Европската Унија за овој вид на рестриктивни мерки

2. Информација за ситуацијата во и околу Украина и потребата од обезбедување сместување на државјани на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства по нивното заминување од Украина

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на новиот пакет на рестриктивни мерки на Европската Унија во поглед на ситуацијата во Украина со препорака за придружувањето на Република Северна Македонија кон сите одлуки на Европската Унија за овој вид на рестриктивни мерки, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи, преку Постојаната мисија при Европската Унија во Брисел, да се придружи кон новиот пакет на рестриктивни мерки на Советот на Европската Унија заедно со сите претходни одлуки за рестриктивни мерки од 2014 година досега, во поглед на ситуацијата во Украина, и да ја започне постапката за нивно спроведување.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за ситуацијата во и околу Украина и потребата од обезбедување сместување на државјани на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства по нивното заминување од Украина и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги прибере барањата на сите државјани на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства кои се наоѓаат во кризни региони во Украина, а кои ќе побараат привремена заштита и сместување и немаат свое сместување во Република Северна Македонија и списокот или известувањето на таа категорија на лица да го достави до Министерството за труд и социјална политика.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да овозможи сместување во соодветни прифатилишта во дефиниран временски рок за државјаните на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства, согласно списоците или известувањата од Министерството за надворешни работи.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:15 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **Мухамед Зеќири** | **д-р Димитар Ковачевски** |